‚Кога некој од вас ќе почувствува нешто во својот стомак, па се посомнева дали излегло нешто од него или не, тогаш нека не излегува од џамијата (од намазот), сè додека не чуе звук или не почувствува миризба.‘“

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, вели: ‚Кога некој од вас ќе почувствува нешто во својот стомак, па се посомнева дали излегло нешто од него или не, тогаш нека не излегува од џамијата (од намазот), сè додека не чуе звук или не почувствува миризба.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека ако кај клањачот се појави сомнеж поради движење во стомакот, па не е сигурен дали нешто навистина му излегло или не; тогаш не треба да излегува од намазот и да го прекинува за да го обнови абдестот, сè додека не се увери во настапување на нешто што го поништува абдестот, како што е да чуе звук или да почувствува миризба. Тоа е затоа што сомнежот не го поништува она што е сигурно; тој е сигурен дека имал абдест, а настапувањето на хадесот (излегувањето на нечистотија) е само сомнеж.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65083